Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

________________

________________

СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи по Известувањето за утврдена фактичка состојба бр. од 22.09.2025 година, а во врска со Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Л.Д., судија на ОС Р. бр. од 25.06.2025 година, поднесено од страна на С.А. од Р., преку полномошник адвокат д-р Г.Н. од С., врз основа на чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), на седницата одржана на ден 01.10.2025 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Л.Д., судија на ОС Р. бр. од 25.06.2025 година, поднесено од страна на С.А. од Р., преку полномошник адвокат д-р Г.Н. од С.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на С.А. од Р., преку полномошник адвокат д-р Г.Н. од С., доставено е Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Л.Д., судија на ОС Р. бр. од 25.06.2025 година.

Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Л.Д., судија на ОС Р. е поднесено согласно чл.74 ст.1 ал.2 в.в. чл.74 ст.3 в.в. чл.75 и чл.76 од Законот за судовите, поради нестручно и несовесно работење во судски предмет ПРК.О.бр.

Во барањето се наведува дека предметот ПРК.О.бр. е воден пред ОС Р., по поднесено барање за поведување на прекршочна постапка од РСМ, МФ УЈП ЦУ, ЦГ, против лицето Ј.И. од Р., за сторен прекршок на ден 22.09.2022 година.

Судијата Л.Д. од Р. на ден 16.11.2022 година донела првостепена пресуда ПРК.О.бр. со која обвинетиот Ј.И. од Р. го огласила за виновен за сторен прекршок од чл.265 ст.1 в.в. со чл. 263 ст.5 в.в. со ст.1 т.8 од Царинскиот закон и му изрека глоба во износ од 250 евра, а дополнително изрекла и посебна прекршочна мерка

одземање на ПМВ „Форд Мустанг" со американски регистарски ознаки. Горенаведена пресуда била потврдена со пресуда ПРКЖ.бр. од 06.02.2023 година на АС Ш.

Сопственикот на одземеното ПМВ, лицето С.А. од Р. против горенаведените пресуди поднел Иницијатива за поднесување на барање за заштита на законитост поради повреда на законот до ЈО на РСМ. Барањето на Јавниот обвинител е уважено и ВС на ден 22.05.2025 година донел пресуда КЗЗ.бр. со која првостепена пресуда ПРК.О.бр. на ОС Р. и пресудата ПРКЖ.бр. на АС Ш. во делот на изречената посебна прекршочна мерка одземање на патничко моторно возило се укинуваат.

При повторното одлучување судот на ден 15.04.2025 година донел решение ПРК.О.бр. со која изрекол посебна прекршочна мерка одземање на возило без да ја образложи одлуката и да ги наведе причините и решителните факти за својата одлука.

Се посочува дека во конкретниот случај, судијата го повредила начелото на фер и правично судење со носење на необразложена пресуда. Во пресудата ПРК.О.бр., судијата не ги навела решителните факти, ниту ги анализирала доказите кои укажуваат дека сопственикот на возилото не бил свесен за прекршокот сторен од трето лице. Овој недостаток на образложение претставува директна повреда на правото на правично судење, што е потврдено и во праксата на Европскиот суд за човекови права.

Судијата го повредила уставното и конвенциското право на сопственост, гарантирано со чл.1 од Протоколот кон Европската конвенција. Одземањето на возилото, кое има значителна вредност е извршено без пропорционална оценка на односот меѓу сериозноста на прекршокот и тежината на мерката. Возилото е сопственост на лице кое не е сторител на прекршокот, а судијата не ги утврдила условите предвидени во Царинскиот законик, според кои одземањето е дозволено само ако сопственикот знаел или можел да знае за прекршокот. Отсуството на таква анализа укажува на повреда на правото на мирно уживање на имот.

Судијата го повредила начелото на пропорционалност предвидено во чл.6 од Законот за прекршоци и на сопственикот на возилото му оневозможила да се вклучи во постапката, како би можел истиот да ги заштити своите интереси.

Судијата сторила повреда на одредбите од чл.71 ст.3 од Законот за прекршоците, според која предметите привремено одземени без судска одлука мора да се вратат ако барањето за нивно одземање не е поднесено во рок од 15 дена. Во конкретниот случај, рокот бил пречекорен, но судијата продолжила со постапката и донела одлука за одземање, што е очигледно противзаконито.

Во прилог кон барањето доставени се предлог докази што треба да се изведат на расправата.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 525-та седницата одржана на ден 03.07.2025 година, согласно чл.63 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, по пат на ждрепка донесе Одлука со која се формира Комисија на известители.

Комисијата на известители не го отфрли барањето за утврдување на одговорност на судија и врз основа на одредбата од чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија до Советот достави Известување за утврдена фактичка состојба.

На седницата одржана на ден 01.10.2025 година, по разгледувањето на барањето, доказите и известувањето на Комисијата на известители, Советот најде дека предметното барањето се однесува на факти кои во постапка по правен лек ги разгледува и за нив одлучува непосредно повисок суд, како единствено надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука.

Ова согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, каде судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Имено, пресудата ПРК.О.бр. на ОС Р. и пресудата ПРКЖ.бр. на АС Ш. биле предмет на оцена на ВС, кој се произнесол со носење на пресудата КЗЗ.бр. од 22.05.2025 година.

Во чл.36 од Законот за Судскиот совет прецизно е определена надлежноста на Советот и во ниту една одредба не е предвидена надлежност на Судскиот совет да влијае на судската одлука. Дотолку повеќе што во чл.11 ст.1 и 2 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Во конкретниот случај одлуката донесена од страна на првостепениот судија и изнесениот став во пресудата е подлежен на институционална контрола од страна на АС Ш., кој се поистоветува со правниот став или стојалиште на првостепениот судија и наназад во повеќе предмети овој став е потвреден од страна на повисокиот суд.

Оттука, во смисла на одредбата од чл.63 ст.4 ал.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, предметното барање се однесува на факти кои биле и можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд во рамки на постапување по правен лек, односно дека барањето е очигледно неосновано.

Одлучено од Судски совет на Република Северна Македонија на 01.10.2025 година.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**м-р Александар Камбовски**

**ДН:**
-подносител
-архива